**МАКЕДОНСКА РАДИО ТЕЛЕВИЗИЈА**
**бр. 02-2696/2**

**З А П И С Н И К**

**Од 86-та седница на Програмскиот совет на ЈРП Македонска Радио Телевизија одржана на 10.05.2019 година.**

**ПРИСУТНИ ЧЛЕНОВИ НА ПРОГРАМСКИОТ СОВЕТ:**
проф.д-р Смилка Јанеска Саркањац Претседател на Програмскиот совет на МРТ, Ведат Мемедалија-Зам.Претседател на Програмскиот совет,м-р Јагнула Куновска,Снежана Клинчарова,Селпин Керим,Ивана Трајковска,м-р Ристе Панов,Косана Николиќ Мазнева, Анита Латифи, Гајур Рамадани и Златко Јанковски.

**ОТСУТНИ ЧЛЕНОВИ:**
д-р Агим Лека и Илир Рамадани.

**ДРУГИ ПРИСУТНИ:**
Јана Руси Граматниковска-Сектор маркетинг и промоција МРТ и Цане Петрушевски-ТВ техника МТВ.

Седницата започна во 10:15 часот.

Претседателката на Програмскиот Совет на МРТ Смилка Јанеска Саркањац го прочита доставениот дневен ред пред присутните.
Програмскиот совет го разгледа предложениот Дневен ред.
Програмскиот Совет на МРТ едногласно го усвои дневниот ред:

**Д Н Е В Е Н   Р Е Д**

1. Разгледување и усвојување на Записникот од 85-та седница на Програмскиот совет на МРТ.
2. Разгледување и усвојување на Правилник за работа на Секторот Маркетинг и промоција.
3. Разгледување и усвојување на Ценовник за технички услуги на Македонското радио.
4. Разгледување и усвојување на Ценовник за технички услуги на Македонска телевизија.
5. Разно.

ТОЧКА 1:**Разгледување и усвојување на Записникот од 85-та седница на Програмскиот совет на МРТ.**
Претседателот на Програмскиот Совет на МРТ Смилка Јанеска Саркањац го стави на разгледување записникот од 85-та седница на Програмскиот Совет на МРТ.
По расправата запиникот од 85-та седница на Програмскиот совет на МРТ беше ставен на гласање.
Програмскиот совет едногласно **го усвои** запсиникот од 85-та седница на Програмскиот совет на МРТ.

ТОЧКА2:**Разгледување и усвојување на Правилник за работа на Секторот Маркетинг и промоција.**
Воведно излагање по оваа точка даде Јана Р Граматниковска од Секторот за маркетинг и промоција во МРТ која детално го објасни Правилникот за работа на Секторот Маркетинг и промоција на МРТ ставка по ставка.Јана пред присутните објасни зошто и од кои причини се изготвува ваквиот правилник, и дека за изготвување на истиот е земена основа од предходнито правилник,како и тоа дека претставува апдејтирање на сите предходни пракси кои се применуваат во секојдневното работење на секторот.Правилникот е дел од забелешките на државната ревизија по извршената ревизија во МРТ.

По расправата Претседателката на Програмскиот совет го стави на гласање Правилникот за работа на Секторот Маркетинг и промоција.

■ **Правилникот за работа на Секторот Маркетинг и промоција** беше ставен на гласање:

- ЗА гласаа: **11** членови,
- ПРОТИВ гласаа:**0** членови,
- ВОЗДРЖАН гласаа:**0** членови.

По спроведеното гласање се констатира дека Правилникот за работа на Секторот Маркетинг и промоција е **едногласно усвоен** од страна на Програмскиот совет на МРТ.

ТОЧКА 3:**Разгледување и усвојување на Ценовник за технички услуги на Македонското радио.**
Воведно излагање по оваа точка даде Цане Петрушевски инженер во ТВ Техника МТВ кој детално го објасни Ценовникот за технички услуги на Македонското радио пред присутните членови на советот и беше објаснето дека истиот претсатвува апдејтирање на старите ценовници од причини што старите уреди за кои постоело ценовници и кои не се бараат веќе на пазарот со тек на време се заменети со нови уреди, и со тоа морало да се ревидираат и усогласат и целите ценовници.
По расправата Претседателката на Програмскиот совет го стави на гласање Ценовникот за технички услуги на Македонското радио.

■**Ценовникот за технички услуги на Македонското радио** беше ставен на гласање:

- ЗА гласаа: **11** членови,
- ПРОТИВ гласаа:**0** членови,
- ВОЗДРЖАН гласаа:**0** членови.

По спроведеното гласање се констатира дека Ценовникот за технички услуги на Македонското радио е **едногласно усвоен** од страна на Програмскиот совет на МРТ.

**ТОЧКА 4:Разгледување и усвојување на Ценовник за технички услуги на Македонска телевизија.**
Воведно излагање по оваа точка даде Цане Петрушевски инженер во ТВ Техника МТВ, кој детално го објасни Ценовникот за технички услуги на Македонската телевизија пред присутните членови на советот и беше објаснето дека истиот претсатвува апдејтирање на старите ценовници и дека постапката и начинот за изработка е истата како и предходниот Ценовник за технички услуги на Македонското радио.
По расправата Претседателката на Програмскиот совет го стави на гласање Ценовникот за технички услуги на Македонската телевизија.

■**Ценовникот за технички услуги на Македонската телевизија** беше ставен на гласање:

- ЗА гласаа: **11** членови,
- ПРОТИВ гласаа:**0** членови,
- ВОЗДРЖАН гласаа:**0** членови.

По спроведеното гласање се констатира дека Ценовникот за технички услуги на Македонската телевизија е **едногласно усвоен** од страна на Програмскиот совет на МРТ.

**ТОЧКА 5:Разно.**
Пред присутните членови на разгледување беше доставено барање со бр.14-2646/1 од 09.05.2019 година од Душко Арсовски уредник во МТВ.
Барањето беше реазгледано и донесен беше Заклучок 1:
● Програмскиот совет на МРТ ги задолжува Одговорниот уредник на Првиот програмски сервис на МТВ,Директорот на МТВ и Уредникот на Информативната програма на МТВ да дадат објаснување по однос на барањето на новинарот Душко Арсовски уредник на редкација во МТВ со бр.14-2646/1 од 09.05.2019 година.
Информацијата да се достави во рок од 7 (седум) дена.
-Заклучокот беше едногласно усвоен од Програмскиот совет на МРТ.

Исто така на разгледување беше ставено и мислењето на Владата на РМ од 134 та седница а во врска со Годишниот извештај за работата на ЈРП МРТ за 2018 година

Мислењето беше реазгледано и донесен беше Заклучок 2:
● Програмскиот совет на МРТ го задолжува Директорот на МРТ на наредна седница на Програмскиот освет да даде објаснување пред членовите на советот во врска со мислењето на Владата на РСМ за Годишниот извештај за работата на ЈРП МРТ за 2018 година произлезено од 134 седница на Владата.
-Заклучокот беше едногласно усвоен од Програмскиот совет на МРТ.

Седницата заврши во 11:30 часот.

Записничар:
А.Алулоски

Програмски совет на МРТ

проф.д-р Смилка Јанеска Саркањац
претседател